РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-514/6
23.03.2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 10.04.2017 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 568/2 | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2. седница одржана на 03.03.2017 година, донесе

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
18.04.2017
01 134/4

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на заедничка студиска програма „Информатика и техничко образование" прв циклус студии на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Информатика и техничко образование" прв циклус студии на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Професор по информатика и техничко образование,** научно - истражувачка област: 50500, 50514, 50525, 20220, 20802, 20804, 21400, 21411, 21422, 21424, 22001, 22006, 22014 и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Технички факултет Битола, прв циклус циклус студиска програма „Информатика и техничко образование", на 29.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 2. седница одржана на 03.03.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

0101 Тр.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-955
10.05.2017 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА
Примено: 14.08.2017
08 - 1095/3

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

### за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и техничко образование на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и техничко образование на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

3. По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.17-514/6 од 23.03.2017 година за акредитација на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и техничко образование на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се обрати со барање бр. 08-617/2 од 19.04.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-955 од 24.04.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и техничко образование на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-955 од 03.05.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-955 од 05.05.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатика и техничко образование на Педагошки факултет Битола и Технички факултет Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Република Македонија – Министерство за образование и наука – Скопје – 4

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лужевска
одобрил: д-р Агим Рушити

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
ПРИМЕНО: 15.08.2017
01 284/1